


# ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА НА АЗИЛОТ ВО 2024 И 2025 ГОДИНА

Македонско здружение на млади правници (МЗМП) -Скопје

МЗМП

# ОПШТО РАБОТЕЊЕ И ПОДДРШКА




МЗМП обезбедува бесплатна правна помош и застапување на баратели на азил и лица под меѓународна заштита веќе 14+ години во соработка со УНХЦР.

Во 2024 МЗМП обезбедило 3555 правни совети, а во 2025 година обезбедило 2539 правни совети и помош на баратели на азил, лица под меѓународна заштита, лица во движење и други. Правна помош вклучува советување, посредување, застапување и поддршка за статус, права, интеграција и работа.

МЗМП обезбеди секојдневно присуство во транзитните центри Винојуг и Табановце и во Прифатниот центар за баратели на азил во Скопје, а два пати неделно во Прифатниот центар за странци.

# СОСТОЈБА НА АЗИЛОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија е **транзитна точка на Балканската рута**; транзитните центри Винојуг (на југ) и Табановце (на север) функционираат со кратко време на задржување (неколку дена).

Во Винојуг лицата најчесто веднаш си заминуваат, а во ТЦ Табановце се задржуваат во просек два до три дена. Транзитните центри сè уште немаат регулиран статус, а со тоа и луѓето сместени во овие центри. **Во 2024 и 2025 година лицата во движење во Винојуг повеќе не беа вратени во Грција од страна на полицијата**, туку тие сами го напуштаа центарот кон Грција или поднесуваа барање за азил во земјава.

Во ТЦ Табановце беа забележани неколку инциденти на лица во движење кои беа присилно вратени од страна на српската полиција на насилен и понижувачки начин.



**FRONTEX (the European Border and Coast Guard Agency)** ја започна работата на јужната граница во април 2023 и продолжи и во 2024 и 2025. Тие се присутни и на меѓународниот аеродром во Скопје, како и на граничните премини со Грција и Србија . Со нивното присуство се подобри профилирањето на лицата во движење и нивното реферирање до надлежни институции/организации.

Во однос на **постапката за азил**, иако законот предвидува индивидуална и детална проценка на стравот од прогон и на ризикот од сериозна повреда, во практика постојат значителни недостатоци: интервјуата често се сведуваат на формално испрашување со фокус на ирелевантни аспекти (на пример, патувањето), наместо на суштинските причини за барањето за заштита; образложенијата на одлуките се оскудни и без сеопфатна анализа на информациите за земјата на потекло; а пристапот до ефективна комуникација со органот е ограничен.

Оттука, и покрај постоењето на законска рамка, постапката бара суштинско унапредување со цел да обезбеди вистинска, квалитетна и индивидуализирана проценка на потребата од меѓународна заштита.

# СОСТОЈБА НА АЗИЛОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од почетокот на украинската криза (февруари 2022), РСМ не обезбеди привремена заштита до август 2023; украинските бегалци со привремена заштита имаат ограничен пристап до право на здравствена заштита. Украинците со привремен престој од хуманитарни причини  речиси немаат пристап до ниедно право.

**Во 2024 година се реши проблемот со матичните броеви на украинските бегалци со привремена заштита** со вметнување на ова право во законите, но и во 2024 и 2025 тие останаа со минимални права, невклучувајќи го правото на здравствена и социјална заштита.

Во 2024 и 2025 **продолжи поддршката на бегалците од косовската криза кои се преостанати во Северна Македонија**, со тоа што МЗМП предложи законски измени за регулирање на нивниот престој и истите беа усвоени од Собранието, а со тоа се овозможи пристап до постојан престој за преостантите 150 лица во земјава.

На крајот на 2025 година, **70 лица добија постојан престој, а останатите беа одбиени и МЗМП поднесе жалба против негативното решение или пак сè уште  го чекаа исходот на постапката.**



# СОСТОЈБА НА АЗИЛОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




**Во 2024 година Министерот за правда го усвои Водичот за обезбедување на бесплатна правна помош од државата за барателите на азил**. Процесот на донесување на овој водич кој служи како алатка за институциите, го водеше МЗМП повеќе од 5 години и со овој водич се олеснува процедурата и комуникацијата помеѓу Секторот за азил при МВР, Министерството за правда и адвокатите кои обезбедуваат бесплатна правна помош. Системот стана формално оперативен во 2025 година.

**МЗМП поднесе 5 барања за бесплатна правна помош** во име на барателите и беше обезбеден адвокат во постапките пред управните судови по добиено негативно решение од страна на Секторот за азил. Сепак, **сè уште има простор за подобрување на комуникацијата меѓу институциите и брзината на спроведување на процедурата за назначување на адвокат.**

При крајот на 2025 година **МВР започна да ангажира и плаќа преведувачи/толкувачи за интервјуата со барателите на азил**, со што министерството започна да ја презема одговорноста за ангажирање на преведувачи во постапката за азил. До сега, овие процеси беа поддржани исклучиво од меѓународни организации.

# СОСТОЈБА НА АЗИЛОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Почнувајќи од 2025 година, **раководното тело во Прифатниот центар за странци одлучи дека нема да се задржуваат непридружувани деца како сведоци во постапки против криумчарите.** Оваа заложба беше испочитувана во текот на целата година, иако не претставува формално решение предвидено во правилник/закон. Времетраењето на задржувањето на сведоци во постапка траеше многу пократко за разлика од претходните години, а во некои случаи лицата беа веднаш изведени пред јавното обвинителство, без воопшто да бидат сместени во овој центар. Меѓутоа, лицата задржани во центарот сè уште немаат пристап до правна помош за самото задржување, а пристап до постапка за азил имаат откако ќе сведочат пред органите или ќе заврши постапката поради која биле задржани.

Во 2024 година **Управниот суд за првпат одлучи позитивно и донесе мериторна одлука во предмет од областа на азилот со која се дава заштита на барател на азил.** Иако Вишиот управен суд подоцна ја измени одлуката, самото мериторно одлучување и доделувањето заштита од страна на судот претставуваше значаен исчекор кон доследно почитување на законските обврски и поставување позитивна судска пракса во областа на азилот.

Во 2024 МЗМП заедно со Адвокатската комора, а во 2025 заедно со комората, но дополнително и со Академијата за судии и јавни обвинители спроведе **обука за бегалско право во соработка со адвокати и судии** согласно модулот за бегалско право креиран во соработка со Адвокатската комора на РСМ и Меѓународниот институт за хуманитарно право – Санремо, во процес поддржан од МЗМП и УНХЦР.

# ИЗДВОЕНИ ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ



**Барателите на азил не можат да работат поради административни пречки,** односно поради тоа што не им се доделува матичен број.

Секторот за азил ретко присуствува директно во Прифатниот центар за баратели на азил што доведува до забавување на постапката за азил и остварување на дел од правата на барателите на азил како што е навремено издавање односно продолжување на идентификациони исправи, известување за постапката за азил, водење на интервјуа со барателите и слично.

Идентификационите исправи на барателите на азил и на лицата со бегалски статус сè уште не се биометрски исправи.

**Проблематична останува практиката од барателите на азил да се бара лекарска потврда како предуслов за прием во Прифатниот центар за баратели на азил**, иако такво барање не секогаш може реално да се исполни. Условот за поседување на лекарска потврда е предвиден во Правилникот за прифат на баратели на азил. Ова особено се однесува на случаи кога лицата самостојно поднесуваат барање за азил во полициска станица, по што полицијата во некои случаи, наместо директно да ги спроведе во центарот, ги носи од една до друга здравствена установа со цел да обезбедат лекарска потврда.

Дополнително, не сите лекари издаваат потврди на лица без лични документи, какви што најчесто се лицата во движење, што дополнително го отежнува пристапот до постапката. Во практика, во некои случаи, поради непоседување на ваква потврда, баратели беа враќани од Прифатниот центар сè до нејзино обезбедување, со што се создава непотребна бариера за ефективен пристап до заштита. Кон крајот на годината и самите полициски станици не ги прифаќаа барањата за азил сè додека барателите не ја извадат таа лекарска потврда без која не би биле примени во центарот.

Сепак, во дел од случаите барателите беа примени во центарот и докторот присутен во Прифатниот центар веднаш го вршеше прегледот во замена за преглед извршен пред прием во центарот. Барателите кои поднесуваат барање во ТЦ Табановце, Винојуг или Прифатен центар за странци не се соочуваат со овие предизвици, бидејќи во овие центри има доктор кој го врши прегледот пред да бидат прифатени во центарот за баратели на азил.

**Децата во движење и непридружуваните деца** се сместуваат во непогодни центри; потребни се алтернативи и систем за заштита на деца. Согласно практиката, децата баратели на азил помали од 12 години не се сместуваат во Прифатниот центар за баратели на азил, туку во згрижувачки семејства. Во 2024 година децата беа задржувани како сведоци во постапки, но не се користеа капацитетите за сместување согласно Законот за социјална заштита туку тие беа сместувани во Прифатниот центар за странци.

# ПРИСТАП ДО ТЕРИТОРИЈА И ПРИНЦИП НА НЕВРАЌАЊЕ (NON-REFOULEMENT)

**3633 лица (во 2024) и 3833 (во 2025)** доброволно се вратија во Грција при нивна регистрација во ТЦ Винојуг

**ПРОДОЛЖУВА НЕДОСТАТОК НА СИСТЕМ ЗА КОНТРОЛА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЛИЦА ВО ДВИЖЕЊЕ ОСОБЕНО НА СЕВЕРНАТА ГРАНИЦА.**

**ЕУ препорачува:** систематско евидентирање, заштитно профилирање и подобрување на управувањето со миграција.



# ИНТЕГРАЦИЈА

**Интеграцијата на бегалците (вклучително и раната интеграција на баратели на азил) остана без детална регулација и без целосен план, закон или стратегија за нејзино спроведување.** Бројот на бегалци изминатите две години беше доста низок и дел од мерките се преземаа ad hoc во зависност од потребите во поединечните случаи. Недостасуваат долгорочни официјални државни програми за македонски јазик за странците и бегалците.

Бавни административни постапки за домување (ЦСР), потреба од авансни средства/капар со цел наем на стан кои средства бегалците најчесто ги немаат.

Најчесто лицата и по добивање на заштита продолжуваат да бидат сместени во Прифатен центар за баратели на азил додека ги чекаат потребните документи и завршувањето на неколку административни процедури со цел започнување на нивната интеграција.

- Постои потреба од брза и ефективна постапка за сместување и социјална помош
- Специјална грижа за деца и ранливи категории
- Контрола и мониторинг на развојот и потребите на децата во системот за азил

# СТАТИСТИКА ЗА 2024 ГОДИНА

**323**

Поднесени барања за азил
323 лица (267 мажи, 57 жени). Од оваа бројка 27 се непридружувани деца.

**6**

Признаен бегалски статус на 6 лица кои претходно беа под супсидијарна заштита (1 од Авганистан, 2 лица од Сирија и 3 од Конго) и доделен статус на супсидијарна заштита на едно лице од Украина.

**5**

Секторот за азил спроведе 5 интервјуа за утврдување на статусот на бегалец, а донесе **решенија за запирање на постапка за 131 лице.**

**8**

Управен суд: 8 тужби поднесени од МЗМП
**Просечно време за одлука: 129 дена.**

**5**

Виш управен суд: 5 жалби
**Време до одлука: 208 дена**



# СТАТИСТИКА ЗА 2025 ГОДИНА

**165**

Поднесени барања за азил: 165 лица (104 мажи, 61 жени). Од оваа бројка 12 се непридружувани деца.

**1**

Доделена супсидијарна заштита на едно непридружувано дете од Сирија.

**8**

Секторот за азил спроведе **8 интервјуа за утврдување на статусот на бегалец**, а донесе решенија за запирање на постапка за 83 лица.

**2**

Управен суд: 2 тужби поднесени од МЗМП, **просечно време за одлука: 128 дена.**

**1**

Виш управен суд: 1 жалба, **време до одлука: 205 дена.**



# КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ



**Промена на Законот за меѓународна и привремена заштита и обезбедување матичен број со цел пристап до права (право на работа) за баратели на азил.**

**Ефикасно спроведување на постапка за азил и почитување напринципот на non-refoulement.** Употреба на информации за земја на потекло во постапките за азил и суштинско испитување на стравот од прогон на баратели на азил. Активно присуство на Секторот за азил во Прифатниот центар за баратели на азил.

**Формирање државен систем за преведувачи и толкувачи во сите постапки по примерот на Секторот за азил кој обезбедува преведувачи во постапките за утврдување на статус на бегалец.**

**Подобрување на системот за сместување и заштита на деца.**

**Усвојување позитивна судска практика и интеграција на ЕУ стандарди и пресуди.**

**Креирање план и донесување на закон или стратегија за интеграција на лица под заштита со цел полесен пристап до права и услуги.**